Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира втора јавна анкета и јавна презентација за Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од блок 37 - УЕ 5 на град Струмица, Општина Струмица со површина од 37078,93$м^2$ кој граничи:

- од исток оска на Улица „Број 14";
- од југ оска на Улица „Број 17";
- од запад оска на улица „Број 2";

Одлуките за организирање на втора јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Втората јавна анкета ќе трае од 28.10.2019 год. до 04.11.2019 год.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Втората јавна презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. „Ленинова" бр. 34 на ден 30.10.2019 година во 11:30 часот

Бр.09-7900/4
18.10.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски